# FOREVER

N. MACEDONIA

Март 2020 | Број 221

## КВАЛИФИКУВАНИ ЗА „ВИКЕНД И ОБУКА ВО ХОТЕЛ ИЗГРЕВ“ од 3 до 5 април 2020




## ИЗДИГНЕТЕ СЀ НАД БУРИТЕ КАКО ОРЕЛ
Rex Maughan

## БИЗНИСОТ НА ИДНИНАТА СО НОВИОТ FLP360
Gregg Maughan

## МОТИВАЦИЈАТА Е ДВИГАТЕЛ ЗА ДЕЈСТВО
Стефан и Тања Стаеви



# Бизнисот на иднината со новиот FLP360



**Форевер е изградена врз чистата идеја за маркетинг преку личен контакт лице в лице. И додека тоа си останува во основата на нашиот бизнис, не можеме да го игнорираме фактот дека светот се менува. Повеќе продажби се извршуваат онлајн од кога било досега, вклучително и во Форевер. Затоа сум возбуден што ќе најавам дека новиот FLP360 е тука.**

Оваа дигитална платформа е целосно ревидирана за да ви помага да ги развивате личните контакти и контактите со мрежите поефикасно. Не станува збор за оддалечување од моќната форма на маркетинг со чија помош компанијата се прошири во целиот свет, туку за подобрување на овие односи преку дигиталните технологии, за да ви помогнеме да градите по-балансиран и модерен бизнис.

Во изминатата година нашите тимови тука во централната канцеларија и низ целиот свет се трудеа да создадат дигитална платформа која ќе ви обезбеди три клучни елементи – информација, стратегија и раст. Овие три збора го водеа развојот, бидејќи градењето на бизнисот бара нешто повеќе од суви податоци. Треба да располагате со јасна информација која ќе ви помага да имате вистински увид во вашиот бизнис, за да ја определите точната стратегија за раст и алатките со кои ќе ја применувате во пракса.

Давањето корисни и лесно разбирливи податоци беше важна цел од самиот почеток. Новиот FLP360 го прави токму тоа со сосема нови табли, посветени на четирите клучни фактори за успех. Знаете дека цврсто верувам во моќта на едноставните нешта и во градењето на бизнис во кој спонзорирањето, задржувањето, продуктивноста и развојот растат заедно.

Таблите „4 фактори“ ќе ви покажуваат како напредувате и што е потребно да правите за да одржувате баланс. Можете да следите како се справува вашиот тим со спонзорирањето и кои ваши соработници имаат потреба од помош за постигнување на нивните цели.

Можете да ги користите новите извештаи за да го подобрите задржувањето во вашата мрежа, така што ќе следите колку луѓе направиле втора порачка. Погледнете по колку денови просечно прават втора порачка вашите соработници или дури каков е процентот на тие што порачале повеќе од еднаш во последните 12 месеци. Интересно и корисно, зарем не?

Но вистинската моќ на FLP360 е како ги претвора овие податоци во исполниви задачи кои може да ги извршувате со помош на новите дигитални алатки во платформата. Идејата на FLP360 е да ја комбинира информацијата со средства за развивање на бизнисот. За да можете да следите кој не правел порачки во последно време и лесно да остварите личен контакт со него – и сето ова директно во апликацијата!

Во платформата дури има содржина која можете да ја споделите на социјалните мрежи или да ја користите на новите целни страници кои ќе го претставаат вашиот бизнис онлајн. Има многу новини а јас успеав да споменам само мал дел од се што умее новиот FLP360. Но се надевам дека сте добиле претстава како може да влијае на вашиот бизнис.

Платформата несомнено е една од најважните инвестиции кои можете да ги направите во себе и во бизнисот оваа година. А мојот најомилен аспект од новата апликација не се неверојатните технологии, туку како може да ви помогне да ја упростите работата и да се фокусирате на тоа што е во срцевината на вашиот бизнис – поврзувањето со луѓе и уште поголемото сплотување на нашето глобално семејство. Знам дека FLP360 ќе ви помогне да ги остварите вашите цели за 2020-та и да успеете.

**Продолжете да се насмевнувате,**

**Gregg Maughan**
Претседател на Форевер Ливинг Продактс

# Издигнете сè над бурите како орел





**Монсуните во Аризона се нагли и непредвидливи. Човек никогаш не знае кога ветерот ќе добие брзина и поројот ќе се излее од небото кое до пред малку беше јасно и сончево.**

Точно таква бура ме изненади едно попладне. Гледав низ прозорците на канцеларијата и се чудев колку брзо дојде бурата. Одеднаш забележав дека на блиското дрво има голема птица. Се израдував кога видов дека е орел!

Кога доаѓа бура, повеќето животни бараат засолниште, за да се скријат од молњите и дождот. Но оваа птица како да немаше намера да се помрдне и изгледаше подготвена за битка. За миг исчезна од гранката на дрвото и се устреми нагоре кон облаците.

**МИ ПАДНА НА ПАМЕТ ДЕКА БОРБЕНОСТА НА ОРЕЛОТ ОДЛИЧНО КОРЕСПОНДИРА СО ФОРЕВЕР БИЗНИСОТ.**

Излегува дека орлите имаат поразличен пристап за справување со ураганите. Тие се извишуваат колку што можат, дозволувајќи им на ветровите да ги издигнат над стихијата – се издигнуваат над виорот, користејќи ја неговата сила за да стигнат до нови висини.

Колку пати сте се чувствувале дека во животот ви влетала бура и донела безредие во вашата хармонија?

Можеби вашите продажби ненадејно се намалени или некој од вашиот тим решил да го напушти бизнисот, или пак сте сфатиле дека не сте успеале да се справите со промоцијата или програмата за стимулирање кон која сте се стремеле.

Ми падна на памет дека борбеноста на орелот одлично кореспондира со Форевер бизнисот. Во директните продажби е лесно човек да се обесхрабри од неуспесите. Не е тешко да ги видиш облаците кои носат бура, да ја почувствуваш турбуленцијата на стихијата и да посакаш да се откажеш.

Но не треба да се откажувате. Оние што ги гледаат бурите како нешто привремено, откриваат дека после нив ги чекаат многу добри периоди. Кога ќе успеете да ги вратите нивоата на вашите продажби или ќе најдете нов посветен соработник кој ќе полета кон висините, или пак се квалификувате за програмата за која напорно сте работеле, ќе погледнете назад и ќе сте благодарни што не сте дозволиле животниот виор да ве отклони од зацртаниот курс. Останавте фокусирани и продолживте да се движите кон вашата цел. Вашата способност да се извишите над бурите ви дала сила и спремност да се справите со сè што предизвиците на животот можат да ви донесат.

Заради овие квалитети ве ценам вас и сите сопственици на Форевер бизнис. Благодарение на вашата посветеност и бестрашност во тешкотиите, ние им помагаме на луѓето во целиот свет да живеат посреќно и да се поздрави. Им помагаме да ги надминат сопствените тешкотии.

Како што Грег сподели, време е да започнеме со поедноставен пристап кон ова што го правиме. Кога предизвиците ви се чинат несовладливи, помислете на луѓето кои сметаат на вас како лидер, ментор и амбасадор на Форевер.

Бидете приспособливи кога ќе настапат ненадејни промени. Фокусирајте сè на основните активности и спротивставете сè на бурата. Запомнете дека сте орел, дека сте Форевер.

Засекогаш Ваш,



**Rex Maughan**
Главен извршен директор на ФЛП





# Квалификувани за “Викенд и обука во хотел Изгрев” од 3 до 5 април 2020









## Квалификувани за 2 лица

1. Амити Линдита
2. Апостолоски Александар
3. Величковски Зоран
4. Гелевска Роза
5. Гелевска Елена
6. Георгиевски Жарко
7. Давитков Горан
8. Давитковски Трајче
9. Димовска Стевица
10. Димовски Љубомир
11. Донакова Славица
12. Ѓорѓиев Дончо
13. Златковска Вера
14. Ибиши Сухеда
15. Јосифова Петрова Нена
16. Кајтазова Босилка
17. Кондовска Весна
18. Куртевска Емилија
19. Лефковска Марија
20. Манасиева Љубинка
21. Маџова Слаѓана
22. Мешкова Миглена
23. Милановска Марина
24. Милеска Билјана
25. Митиќ Марија
26. Наќеска Ивана
27. Панова Сузана
28. Петковска Загица
29. Петровска Македонка
30. Поповска Владанка
31. Постолова Сандра
32. Славевски Славе
33. Стојчевска Александра
34. Трајковска Надица
35. Цикалова Снежана

## Квалификувани за 1 лице

1. Алити Афизе
2. Алексовска Мери
3. Гелевска Радевска Моника
4. Донакова Ангела
5. Малинов Александар
6. Николиќ Гордана
7. Пановска Оливера
8. Пецова Славица
9. Пипонска Славица
10. Ристовска Соња
11. Симеонова Маневска Рахела





# Мотивацијата е двигател за дејство



Личната мотивација е фундаментот за постигнување на успех во секоја сфера на животот. За да се зафатите со нов потфат, со различно хоби, да се преселите во нов дом или на нова посакувана работа, да го постигнете посакуваното ниво во маркетинг планот на Форевер, да се квалификувате за некоја од нашите одлични програми за стимулирање – сето ова бара мотивација. Денешниот живот е многу динамичен и во нас секој ден се будат најразлични желби, но важните ги остваруваме благодарение на внатрешната мотивација да ги преземеме потребните чекори за да ги постигнеме.

Во психологијата мотивацијата се дефинира како почеток, насока, интензитет и постојаност во поведението, желбата и подготвеност да се изврши одредена активност. Токму дејството е клучниот момент за реализирање на мечтите, целите и нашите желби. Денес, кога сите неизбежно се соочуваме со негативностите на секојдневието и со динамиката на современиот живот, единствено внатрешната сила и мотивација се вистинскиот импулс за дејство. Благодарение на истите го задржуваме правилниот курс и насока.

Но мотивацијата нè води до посакуваните резултати само ако имаме јасно дефинирани цели и конкретен стремеж, а не само желба за успех. Ако сте се устремиле напред, но сè уште не сте напишале на лист хартија јасно и точно кон што, направете го тоа! Одредете каде одите, за да стигнете точно таму. Кога целите се јасни, трудот никогаш не нѝ се чини залуден. Од друга страна, недостатокот на цел често пати создава чувство за изгубен или грешен правец, залуден труд и ја убива нашата мотивација. Ако целите да постигнете успех, дајте му дефиниција – што значи за вас, кои се конкретните димензии, наречете го со вистинското име и во истиот миг ќе ја осознаете и вашата мотивација за неговото постигнување. Мотивацијата ќе ве поттикнува да дејствувате, да не губите насока и ритам, да не се откажувате. И успехот нема да задоцни, бидејќи тој секогаш доаѓа побрзо кај посветените.

А добрата мотивација треба и да се поддржува – водете сметка за вашиот позитивен став и тело, спортувајте, комуницирајте, читајте, забавувајте сè и не пропуштајте ниту еден настан, ниту една средба на Форевер и обуките во вашиот тим. Да сме дел од заедницата и да разговараме со истомисленици е исклучително мотивирачко и нè исполнува со свежа енергија за дејство, со нови идеи, понекогаш нѝ дава различна гледна точка, а најмногу нè исполнува со мотивација за постигнување на целите.

**Еве неколку корисни насоки.**

1. Дефинирајте го своето ЗОШТО.
2. Определете КАКО – нацртајте патека, направете план.
3. Дејствувајте!
4. Нај-напред импресионирајте сè.
5. Кажете сѝ „Јас избирам да..." – не размислувајте дека „треба", туку дека вие избирате да делувате на тој начин.
6. Направете ги потребните навики за постигнување на целта.
7. Откријте ги вашите силни страни и користете ги.
8. Побарајте и надворешен извор на мотивација.
9. Не се плашете од грешките, претворете ги во нова форма на инспирација за дејство во правилната насока.

На тркачката писта кон успехот, високо мотивираните секогаш стартуваат први!

**Секогаш со Вас!**



***Стефан и Тања Стаеви***




# Forever Supergreens™

## Форевер супергринс

Има денови во кои нѝ е потешко да јадеме доволно овошје и зеленчук. Во забрзаното секојдневие често посегнуваме кон преработена храна за да каснеме од нога, но ова може да предизвика дефицити во нашата исхрана. Сепак и кога животот ви пречи на комплетната исхрана, можете да му обезбедите на телото растителни супер храни во секое време и насекаде со Форевер супергринс.

Во секоја ќесичка има хранлива порција од идеално комбинирани алое и над 20 видови овошја и зеленчуци. Оваа комплетна супер храна има одличен вкус и лесно се раствора во вода или во вашиот омилен напиток.

Форевер супергринс обезбедува клучни нутриенти и антиоксиданти, за да ги поддржи природните одбранбени сили на организмот и да ве одржи во оптимална форма. Алкализирачката зелена храна како спанаќ, кељ и брокули го зајакнуваат дејството и помагаат за одржување на здрава алкално-киселинска рамнотежа, витална за многу телесни функции.

Внимателно одбраните состојки ги потпомагаат природните одбранбени сили на организмот во тешки моменти и го зајакнуваат за да биде во оптимална форма. Форевер супергринс е ефикасна комбинација од извори на природни хранливи материи како полифеноли и антиоксиданти од гоџи бери (лициум), семки од грозје, зелен чај, зелено лиснати зеленчуци, спирулина и нашето сопствено алое, поткрепени од природните корисни својства на витамините C, E и магнезиум.

Форевер супергринс е нешто повеќе од брз и удобен начин за пополнување на хранливите дефицити. Тој е одличен и за вашата спортска торба, бидејќи ја поткрепува силата и издржливоста за време на тренинг, како и закрепнувањето потоа.

Дополнете го вашиот активен начин на живот со најдобрите природни извори на зелена моќ. Пријатниот вкус на боровинки и крем идеално се комбинира со шејковите Форевер лајт ултра или вашиот омилен напиток. Ако имате потреба да си набавите зеленчуци во движење или пак да му дадете поттик на вашиот тренинг со идеалната комбинација од најдобрите природни супер храни, вашиот најдобар избор е Форевер супергринс!

### СОСТАВ

Спанаќ (листови во прав (34%)), овошна арома [згуснувач (малтодекстрин, гума акација), аромат (малина и јагода), регулатор на киселост (лимонска киселина), средство против згрутчување (силициум диоксид)], магнезиум (магнезиум карбонат), лист од брокули во прав (7%), стебла од јачмен, спирулина, ексклузивна комбинација од овошја и зеленчуци,







витамин C (аскорбинска киселина), лист од кељ во прав (2%), семки од грозје во прав, зелен чај (листови во прав, гоџи бери екстракт (2%), засладувач (стевиол гликозиди), витамин Е [(d-алфа-токоферил-ацетат), средство против згрутчување (силициум диоксид)], алое вера листови во прав.

## ПРЕПОРАЧАНА УПОТРЕБА

Содржината на една ќесичка се раствора во 240 ml вода или друг напиток, добро се промешува.

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- Идеално комбинира над 20 овошја, зеленчуци, супер храни и алое.
- Погоден извор на хранлива растителна храна секој ден.
- Висока содржина на антиоксидантни витамини C и E.
- Ги поддржува алкално-киселинската рамнотежа и имунитетот.

## Често поставувани прашања

- **Што е Forever Supergreens™?**

Forever Supergreens™ е идеална мешавина за пиење која содржи 20 овошја, зеленчуци и алое.

- **Зошто да користиме Forever Supergreens™?**

Forever Supergreens™обезбедува клучни нутриенти и антиоксиданти за поддршка на одбранбениот механизам на телото. Алкализирачките зеленчуци како спанаќ, кељ и брокули поддржуваат здрава pH рамнотежа што е од витално значење за многу функции во телото. Освен што е извор на зелени супер храни, Forever Supergreens™ ви обезбедува и витамини C, E и магнезиум.

- **Каков вкус има Forever Supergreens™?**

Forever Supergreens™ има пријатен вкус на бобинки и крем.

- **Дали може да се меша Forever Supergreens™ со било кој пијалак?**

Forever Supergreens™ има одличен вкус, помешан со вода или вашиот омилен пијалок. Пријатниот вкус на бобинки и крем совршено одговара со овошни сокови и Forever Aloe Peaches®.

- **Дали може да се посипе Forever Supergreens™ врз друга храна без да биде измешан со течност?**

Да. На пример може да се додаде на салати или да се измеша во јогурт.

- **Кога е најдобро да се зема Forever Supergreens™?**

Било кое време од денот. Воедно е одличен и за употреба пред тренинг.

- **Дали содржи глутен?**

**НЕ!** Forever Supergreens™ не содржи глутен.

- **Дали Forever Supergreens™ содржи ГМО?**

**НЕ!** Forever Supergreens™ не содржи ГМО.

- **Зошто е важна pH рамнотежата?**

Избалансираната pH вредност може да ви помогне да се чувствувате полни со енергија и да го поддржи здравјето на кардио-васкуларниот и коскено-зглобниот систем.

- **Зошто се потребни антиоксиданти?**

Оксидативниот стрес може да има штетно влијание врз телото и придонесува за стареењето. Исхрана богата со антиоксиданти се бори со оксидативниот стрес и штити од оштетувањето од слободните радикали. Консумирањето храна и суплементи кои содржат антиоксиданти може да ви помогне да одржувате здрав животен стил.

- **Што го прави Forever Supergreens™ различен од Fields of Greens®?**

Додека основни состојки во Fields of Greens® се  јачмен, пченица, алфа-алфа и лута пиперка,  Forever Supergreens™ содржи мешавина од 20 овошја, зеленчуци и алое. Fields of Greens® е таблета која помага да се надополнат празнини во исхраната и дава поддршка на циркулацијата. Forever Supergreens™ е моќна мешавина која помага за оптимална pH рамнотежа, го поддржува природниот одбранбен механизам на телото и ги надополнува празнините во исхраната.

- **Колку дози има во 1 пакување?**

Пакувањето содржи 30 единечни дози.

- **Дали Forever Supergreens™ може да го користат вегани?**

Forever Supergreens™ е одличен извор на растителна храна и е погоден за вегани и вегетаријанци.

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ЈАНУАРИ 2020 ГОДИНА

## СУПЕРВИЗОР

Панова Сузана

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Ајдини Сехаре
2. Ајтова Јасмина
3. Алити Фатиме
4. Алити Севгија
5. Анастасова Лидија
6. Арсовска Жаклина
7. Атанасоски Миланчо
8. Авдиќ Бисера
9. Бајрами Хусеин
10. Бурмузоска Андријана
11. Василевска Ѓеоргиева Елена
12. Василковски Денис
13. Велевска Стефанија
14. Велиу Хаџијај Елзима
15. Гајдова Ленче
16. Георгиевска Ивана
17. Георгиевска Ивана
18. Гичова Николова Марина
19. Голубова Лиле
20. Груевски Сашо
21. Дестам Рамадани Фетанете
22. Димитровска Вера
23. Донева Катерина
24. Дрита Азизи
25. Ѓурчиновска Матевска Емилија
26. Зекири Малики Емира
27. Зенговски Тони
28. Зенку Хајрије
29. Златанов Стево
30. Илиева Анита
31. Илиевска Наташа
32. Јакимова Марија
33. Јакимовска Мерима
34. Јаковчевски Бојан
35. Јанева Александра
36. Јанева Ленче
37. Јованова Даниела
38. Јовановиќ Бојана
39. Кадриоска Нарѓуле
40. Катранџиев Ристо
41. Коколанска Мартина
42. Колчевска Гордана
43. Колева Хилда
44. Костадинова Мими
45. Козаров Соња
46. Крстевска Емилија
47. Крстевска Сања
48. Кукоски Марија
49. Кузмановска Менуса
50. Љубиќ Ана
51. Маџаровска Ратка
52. Манасиев Ристе
53. Манџурова Наташа
54. Милески Владимир
55. Милошевска Снежана
56. Мишевска Ивана
57. Митева Татјана
58. Митрева Елизабета
59. Младеновска Фросина
60. Најдовска Александра
61. Нерџиване Муслија
62. Орцева Маре
63. Османи Хабибе
64. Пантова Оливера
65. Павловска Ирина
66. Пејкова Валентина
67. Петрова Анита
68. Петровска Александра
69. Поп Арсова Маја
70. Попов Коле
71. Ристеска Светлана
72. Синадиновска Драгана
73. Спиридонов Катерина
74. Стефанова Марија
75. Стеванаџија Јулијана
76. Стојаноски Бранка
77. Стојанов Филип
78. Стојковска Снежана
79. Стојменовски Гоце
80. Стошиќ Билјана
81. Сулејмани Блерина
82. Тодоровска Билјана
83. Трајановиќ Сања
84. Трајкова Верче
85. Трајковска Виолета
86. Туџарова Мери
87. Ќазими Афердита
88. Угриновска Ленка
89. Узунова Слободанка
90. Ферати Хамиде
91. Хаџиниколова Тина
92. Циплаковска Вања
93. Цицимова Албина
94. Целадини Лејла
95. Шерифи Фикрије

## КЛУБ 4

### Клуб 4 – ниво 1

Куртеска Емилија
Милановска Марина
Петковска Загица
Поповска Владанка
Трајковска Надица
Цикалова Снежана

### Клуб 4 – ниво 3

Алексовска Мери
Апостолоски Александар
Кајтазова Босилка
Стојчевска Александра
Сулејмани Бејтуле

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Др.Роза Гелевска | 1. Стевица Димовска |
| 2. Славица Донакова | 2. Жарко Георгиевски |
| 3. Стевица Димовска | 3. Елена Гелевска |
| 4. Елена Гелевска | 4. Славица Донакова |
| 5. Др.Снежана Контра | 5. Вера Златковска |
| 6. Вера Златковска | 6. Фердезе Сулејмани |
| 7. Жарко Георгиевски | 7. Слаѓана Маџова |
| 8. Катерина Трајчевска | 8. Др. Роза Гелевска |
| 9. Блага Крстеска | 9. Бејтуле Сулејмани |
| 10. Слафко Михајловски | 10. Емине Зеќири |

facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070 236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.